РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Бр. 07-347/3
18. 09. 2013 20 год.
СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик |
| Одговорно лице и контакт информации: | Никола Прокопенко |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☒Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☐Друго ______________________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | ______ септември 2013 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | ______ септември 2013 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | септември 2013 година |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1 Опис на состојбите*

Македонското казнено законодавство од усвојувањето на Кривичниот законик во 1996 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 37/96 ) до денес поминува низ повеќе фази и измени.

Последните години Министерството за правда посебно внимание посвети на реформата на казненото право, како процесното така и материјалното. Основните принципи и насоки на реформата беа утврдени во Стратегијата за реформи на казненото право.

Во таа насока беше донесен новиот Законот за кривичната постапка и повеќе измени и дополнувања на Кривичниот законик.

Изминатиот период во Република Македонија карактеристичен е процесот на динамични општествено економски процеси. Појавата на овие тенденции ја наметнуваат потребата од соодветни казнено правни механизми како нивен одговор. Заради тоа, се наметна потребата од пропишување на нови кривични дела, редефинирање на веќе постојни кривични дела и зајакнување на казнената политика. Целта на овој предлог е кривично правно да се нормираат одредени ситуации кои досега претставуваа правна празнина и во практиката беа можност за одредени злоупотреби.

*1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Овој закон се предлага заради заострување на казнената политика и усогласување со меѓународните стандарди.

## 2. Цели на предлог регулативата

Целта на овој предлог е кривично правно да се нормираат одредени ситуации кои досега претставуваа правна празнина и во практиката беа можност за одредени злоупотреби.

## 3. Можни решенија (опции)

*3.1 Опис на решението „не прави ништо“*

Доколку не се донесе предложениот закон во казненото материјално законодавство ќе останат несанкционирани одредени поведенија кои имаат штетни последици по општеството.

*3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Со донесувањето на предложениот закон ќе се пополнат одредени правни празнини и нашето законодавство ќе се усогласи со најновите меѓународни стандарди во кривично правната област.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

*4.1 Економски влијанија*

Со донесувањето на предложениот закон ќе се подобри бизнис климата во Република Македонија што ќе има позитивно влијание врз странските инвестиции.

*4.2 Фискални влијанија*

*4.3 Социјални влијанија*

*4.4 Влијанија врз животната средина*

Со Предлог – законот се пропишуваат серија нови кривични дела и се изменуваат и дополнуваат веќе постојните кривични дела, што ќе придонесат за заштита на животната средина.

*4.5 Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување*

Трошоци на органите за откривање, обвинување и пресудување кои се содржани во нивните буџети.

*б)трошоци за почитување на регулативата*

**5. Консултации**

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Имајќи го предвид фактот дека се работи за материја од повеќе различни области, при изготвувањето на предлозите за кривичните дела во овој предлог беа вклучени претставници од повеќе министерства и органи и тоа: Министерство за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за економија, Министерството за култура, Управата за заштита на културно наследство, Министерството за внатрешни работи и други органи.

Исто така, Предлогот беше доставен на мислење до надлежните министерства, други државни органи, судовите, јавните обвинителства и други институции.

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

**6. Заклучоци и препорачано решение**

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

При изготвувањето на законот беа земени предвид компаративните искуства од други држави со развиени кривично правни системи.

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

*6.3 Препорачано решение со образложение*

Пропишаните кривични дела во Предлогот на законот.

**7. Спроведување на препорачаното решение**

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

Бришење одредени членови од Законот за управување со отпадот и Законот за заштита на природата.

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

Министерство за внатрешни работи, јавни обвинителства, судови.

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

Обука која ќе биде спроведена преку Академијата за судии и јавни обвинители.

## 8. Следење и евалуација

*8.1 Начин на следење на спроведувањето*

Собирање, обработка и анализа на податоци согласно Методологијата за судска статистика.

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Ефектите од примената на законот ќе бидат мерени преку предвидените индикатори во Методологијата за судска статистика.

**Изјава од државниот секретар**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:** 18. 09. 2013
..................................................

**потпис на државен секретар**